

## ЗГРАДАТА НА СУДОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО БРОЈКИ

- **Архитект:** лорд Ричард Роџерс
  Конзорциум на архитекти: Ричард Роџерс Партнершип ЛТД, Лондон, и Клод Буше, Стразбур
- **Цена:** 455 милиони француски франци

- **Употреблива површина:** 28 000 $m^2$, вклучувајќи:
  - 860 $m^2$ за големата судница
  - 520 $m^2$ за малата судница
  - 4 500 $m^2$ за сали за состаноци
  - 16 500 $m^2$ за канцеларии
- **Број на сали за состаноци:** 18, вклучувајќи ги и:
  - големата судница (243 места за седење + 49 за судиите + 22 за жалителите)
  - малата судница (101 место за седење + 25 за судиите + 12 за жалителите)
  - сали за судски расправи (од 47 до 52 места за седење)
  - сали за состаноци (просечно, 47 места за седење околу работната маса + 52 места за седење во позадината)
- **Број на канцеларии:** 535 канцеларии (променлив)
- **Аудиовизуелна опрема:** Сала за прием на претставници на медиумите (204 места за седење)
  Сала за семинари (104 места за седење)

- **Покрај горенаведеното, вклучува и:**
  - 490 километри електрични кабли
  - 5 500 светлечки тела
  - 10 километри цевки
  - 500 метри подвижни ленти за пренос на документи
  - 9 лифтови/товарни лифтови
  - 450 тони метална конструкција
  - 1 450 тони армиран бетон
  - 15 000 кубни метри бетон
  - 2 800 метри вградени фасадни жардинери
  - 4 топлински пумпи
  - 16 засебни уреди за климатизација
  - 50 фирми, со 125 подизведувачи
  - 1 500 работници на градилиштето на Судот
  - 800 000 часа градежна работа

## НЕ ТРЕБА ДА СЕ МЕША СО

### Судот за правда на Европската Унија
Овој суд со седиште во Луксембург обезбедува почитување на правото на Европската Унија и одлучува во однос на толкувањето и примената на договорите за основање на Европската Унија.

### Меѓународниот суд за правда
Судско тело на Обединетите нации со седиште во Хаг.

### Универзалната декларација за човекови права
Текст што Обединетите нации го усвоиле во 1948 година со цел јакнење на заштитата на човековите права на меѓународно ниво.

### Повелбата за основните права
Текст за човековите права и основните слободи на Европската Унија, усвоен во 2000 година.



## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ


**European Court of Human Rights**
**Public Relations**
**67075 Strasbourg cedex**
**France**
**www.echr.coe.int**


MKD



# СУДОТ накратко

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE




## ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Европскиот суд за човекови права е меѓународен суд, основан во 1959 година. Тој е надлежен да постапува по индивидуални жалби или жалби на држави што се однесуваат на повреда на граѓанските и политичките права утврдени со Европската конвенција за човекови права.

Од 1998 година, Судот е востановен како постојан суд и поединци можат директно да поднесуваат жалби до Судот.

Од неговото основање, Судот има разгледано стотици илјади предмети. Пресудите на Судот се обврзувачки за државите на кои се однесуваат и довеле до тоа нивните влади да ги менуваат своето законодавство и административна пракса во голем број различни области. Судот со својата судска пракса ја прави Конвенцијата модерен и моќен жив инструмент за соочување со новите предизвици и за зацврстување на владеењето на правото и демократијата во Европа

Седиштето на Судот се наоѓа во Стразбур, во Зградата на човековите права што ја проектирал британскиот архитект лорд Ричард Роџерс во 1995 година. Од оваа зграда, која е препознатлива во целиот свет, Судот надгледува дали се почитуваат човековите права на 700 милиони Европејци во 46-те држави-членки на Советот на Европа, коишто ја ратификувале Конвенцијата.

## КЛУЧНИ ДАТУМИ

**5-ти мај 1949 година**
Основање на Советот на Европа

**4-ти ноември 1950 година**
Усвојување на Конвенцијата

**3-ти септември 1953 година**
Конвенцијата стапува на сила

**21-ви јануари 1959 година**
Советодавното собрание на Советот на Европа ги избира првите членови на Судот.

**23-28-ми февруари 1959 година**
Прва седница на Судот

**18-ти септември 1959 година**
Судот го усвојува Деловникот на Судот

**14-ти ноември 1960 година**
Судот ја донесува првата пресуда: Лолес против Ирска (Lawless v. Ireland)

**1-ви ноември 1998 година**
Стапува на сила Протоколот број 11 кон Конвенцијата, со кој беше основан „новиот Суд“

**1-ви јуни 2010**
Стапува на сила Протоколот број 14 кон Конвенцијата, со цел да се обезбеди долгорочна ефикасност на Судот

**1-ви август 2018**
Стапува на сила Протоколот број 16 кон Конвенцијата кој му овозможува на Судот да дава советодавни мислења



## ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



ЕЕвропската конвенција за човековите права е меѓународен договор со кој државите-членки на Советот на Европа се обврзале дека ќе им ги обезбедат основните граѓански и политички права, не само на нивните државјани, туку и на сите други лица под нивна надлежност. Конвенцијата беше потпишана на 4-ти ноември 1950 година во Рим, и стапи на сила во 1953 година.

## ГАРАНЦИИ И ЗАБРАНИ



**Со Конвенцијата се заштитени, пред сè:**

- правото на живот,
- правото на правична судска постапка,
- правото на почитување на приватниот и семејниот живот,
- слободата на изразување,
- слободата на мислење, совест и вера и
- правото на заштитата на сопственоста.

**Со Конвенцијата се забрануваат, пред сè:**

- мачењето и нечовечкото или понижувачко постапување или казнување,
- ропството и принудната работа,
- смртната казна,
- произволното и незаконитото лишување од слобода и
- дискриминацијата во уживањето на правата и слободите пропишани со Конвенцијата.